**20160270707**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за агенциите за привремени вработувања,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2016 година.

Бр. 08-885/1
9 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА

Член 1

Во Законот за агенциите за привремени вработувања („Службен весник на Република Македонија” број 49/2006, 102/2008, 145/10, 136/11, 13/13, 35/14, 98/15 и 147/15), во членот 9 став 3 во првата реченица зборот “писмено” и втората реченица се бришат.

По ставот 3 се додаваат четири нови ставови 4, 5, 6 и 7, кои гласат:

„Образецот на барањето од ставот 3 на овој член за издавање на лиценца го пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Овластеното службено лице од министерството надлежно за работите на трудот кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето по службена должност да ги прибави доказите и податоците потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 5 став 1 алинеја 3 од овој закон.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 5 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 3 на овој член.

Овластеното службено лице од ставот 5 на овој член е должно да одлучи во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето од ставот 3 на овој член.”

Ставовите 4, 5 и 6 стануваат ставови 8, 9 и 10.

Во ставот 7 кој станува став 11 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „согласно со Законот за општата управна постапка и истата содржи реден број, назив на агенцијата за привремени вработувања, основач, адреса на агенцијата за привремени вработувања, важност на лиценцата, електронска пошта, веб страницата и тип на лиценца.”

Член 2

Членот 9-а се брише.

Член 3

Во членот 19 по ставот 2 се додаваат два нови ставови 3 и 4, кои гласат:

„Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од министерството надлежно за работите од областа на трудот кое ја води постапката, ако:

- по службена должност не ги прибави доказите и податоците потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 5 став 1 алинеја 3 од овој закон во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 9 став 5),

- не одлучи по барањето за издавање на лиценца во рок од 60 дена од денот на приемот на барањето (член 9 став 7).

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службеното лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците, ако не ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето (член 9 став 6).”

Ставот 3 станува став 5.

Член 4

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).